**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 02-417/2-IX-9
31.10.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 66, став 1 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 446/2019), а во врска со поднесениот список од студентите бр. 10-13/94 од 10.10.2024 год., Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 31.10.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување дополнителни испитни сесии за апсолвенти за учебната 2024/25 година

**Член 1**

На студентите запишани на двете студиски програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер–Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кои имаат запишан и заверен осми (VIII) семестар, односно ги исполниле поединечните услови за секој наставен предмет од прв до осми семестар, им се одобрува полагање на испити во следниве дополнителни сесии и наведени термини:

- од 4 ноември до 8 ноември 2024 год.;
- од 2 декември до 6 декември 2024 год.;
- од 3 март до 7 март 2025 год. и
- од 7 април до 11 април 2025 год.

**Член 2**

Полагањето на испитите ќе се спроведува во попладневните часови после 16 часот секој работен ден.

**Член 3**

Студентите кои ќе пријават полагање на испити во дополнителните испитни сесии утврдени во член 1 од оваа одлука, ќе плаќаат надомест во износ од 500,00 денари за полагање испит за еден наставен предмет.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Декан

Проф. д-р Ѓорги Груевски

Доставено до:
- Продекан за настава;
- Одделение за студентски прашања и
- архива /правна служба на Факултетот.